РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 02-05/8
05.02.2024 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 12 став 2 алинеја 7 од Статутот на Националната установа, Конзерваторски центар-Скопје, член 77-ж од Законот за културата ("Службен весник на Република Македонија" број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор, Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување бр.02-05/7 од 01.02.2024 година, Годишниот план за вработување за 2023 година, ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Јавен оглас за вработување бр.01/2023**

1. Врз основа на објавениот Оглас за вработување бр.01/2023 и Записникот за работата на Комисијата за спроведување на постапката за вработување се избира кандидатот Анастасија Петровска за работното место Стручен работник за уметничко наследство, конзерватор, КУЛ 03 04 Д03 003 во Одделението за археологија и историја на уметност, Сектор за конзервација и ревитализација.
2. По конечноста на Одлуката за избор, ќе се донесе решение за вработување и со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување.
3. Одлуката за избор да се достави до кандидатите и да се објави на веб страницата и на огласната табла на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

**Образложение**

Врз основ на Годишниот план за вработување на установата за 2023 година, а по претходна добиено известување за обезбедени средства од органот надлежен за издавање на финансиска согласност за пополнување на работни места, како и одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас, НУ Конзерваторски центар – Скопје објави оглас за вработување на давател на услуги, на неопределено време.

На Јавниот оглас објавен во три дневни весници и на веб страната на установата на 29.12.2023 година, документација имаа поднесено пет кандидати за работното место Стручен работник за уметничко наследство, конзерватор.

Комисија за спроведување на постапката за вработување, изврши проверка на веродостојноста на доказите за исполнување на условите наведени во огласот, а потоа со пријавените кандидати кои ги исполнуваа потребните услови, спроведе интервју, за што е изработен Записник бр. бр. 02-05/7 од 01.02.2024 година, кој содржи предлог ранг листа за кандидати, и истиот му го достави на директорот.

Врз основа на Записникот каде што е констатирано дека пријавениот кандидат, Анастасија Петровска со освоени најмногу бодови, со етничка припадност - Македонка, соодветствува со припадноста на етничките заедници утврдени во Балансерот од МИОА на Годишниот план за вработување за 2023 година, директорот го изврши изборот како во диспозитивот на оваа Одлука.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена, од денот на приемот на истата, преку НУ Конзерваторски центар-Скопје, до Управниот одбор на НУ Конзерваторски центар-Скопје.

Доставено до:
- архива
- пријавени кандидати
- правна служба
-огласна табла
-веб страна на установата

**НУ Конзерваторски центар – Скопје**
**ВД Директор**
**Китановска Љиљана**